Европскиот универзитет - Република Македонија распишува:

# КОНКУРС

**за доделување стипендија „Борис Трајковски“**

Управниот одбор на Европскиот универзитет ја доделува стипендијата „Борис Трајковски“ на најдобриот студент на генерацијата од претходната година. Стипендијата се однесува на упис во наредната академска година, без уплата на школарина.

За стипендијата можат да конкурираат студенти на Европскиот универзитет - Република Македонија кои ќе запишат втора, односно трета година на студии во академската 2010/2011 година и кои ги исполнуваат следните услови:

1. **Да се запишани како редовни студенти на Европскиот универзитет - Република Македонија;**
2. **Да ги имаат положено сите испити од претходната академска година, заклучно со јунската испитна сесија;**
3. **Да имаат остварено просек на оцени 10,00 од положените испити од претходната академска година;**
4. **Да покажале особен интерес и ангажман во следењето на наставата.**

Конкурсот почнува на 04.09.2010 година и ќе трае заклучно со 13.09.2010 година.

Кандидатите кои ги исполнуваат наведените услови и се заинтересирани да конкурираат, потребно е да достават:

- Пријава
- Кратка биографија
- Уверение за положени испити
- Евентуални писмени препораки од наставниците на Европскиот универзитет - Република Македонија

Апликацијата се поднесува лично во Правната служба на ЕУРМ.

Одлуката за избраниот кандидат ќе биде објавена на свечената манифестација „Прв академски час“, со која традиционално секоја година се означува почетокот на новата академска година.

**Европски универзитет - Република Македонија**